Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Скопје/Shkup, 12 април 2022 година/viti
Бр./Nr.41-479/5

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

С К О П Ј Е

# И З В А Д О К
## од Нацрт – записникот од Триесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 април 2022 година

„ТОЧКА 127: Записник од Петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 11 април 2022 година, со записници од состаноците на Комисијата за заразни болести, одржани на 30 март 2022 година и 6 април 2022 година

Владата го разгледа Записникот од Петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 11 април 2022 година, со записници од состаноците на Комисијата за заразни болести, одржани на 30 март 2022 година и 6 април 2022 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата го усвои Записникот и ги донесе следните заклучоци:

1. Да се почитуваат препорачаните превентивни мерки за заштита и спречување на COVID-19 инфекција и укажува на поголема претпазливост на граѓаните во пресрет на престојните верски празници (Рамазански пости, Велигден) кога се можни поголеми групирања заради семејни и верски собири.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

2. Учениците во средните училишта да посетуваат настава со физичко присуство без задолжително носење маски, освен ако учениците по сопствена волја не бараат да носат маска.

3. Да се укине забраната за организирање на екскурзии и настава во природа за основните и средните училишта.

4. Да се укине мерката за задолжителното носење маски во затворен простор со исклучок за носење во здравствените установи, аптеки, јавен превоз (автобуски, железнички, авио и такси превоз), установите за згрижување на стари лица и лица со попреченост.

   Иако мерката за задолжително носење маски во затворен простор се укинува, силно се препорачува носење заштитни маски во затворен простор на лицата над 65 годишна возраст, хронични болни и лица кои се имунокомпромитирани.

5. Да се укине мерката за задолжителна изолација на лицата кои се блиски контакти на потврден позитивен COVID-19 случај, а се препорачува блиските контакти на потврден позитивен COVID-19 случај да носат заштитна маска (трослојна хируршка маска или KN95) во затворен простор во период од седум дена од последниот ден на контакт со потврдениот случај.

6. Согласно овие заклучоци, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот Sars-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

7. Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди податоци за бројот на вакцинирани лица против COVID-19 вработени во сите јавни здравствени установи, со цел да се направи увид во вакциналниот опфат на здравствените работници заради носење на соодветни препораки.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

8. Во однос на барањето од Министерството за труд и социјална политика за промени во протоколот за работа на детските градинки во услови на COVID-19 пандемијата, се препорачува Министерството за труд и социјална политика да направи измени во протоколот согласно договореното на работниот состанок со претставниците на Комисијата за заразни болести и директорите на детските градинки од Општина Аеродром и да го достави до Комисијата за заразни болести на конечно одобрување. "

Прилог 1: Записник од ГККШ

ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ZËVENDËSSEKRETARI I PËRGJITHSHËM I QEVERISË SË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Tahir Hani

ДОСТАВЕНО И ДО:
-сите државни институции
-Заедницата на единиците на локалната самоуправа
-Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија
-стопанските комори во Република Северна Македонија

Подготвил: Љупчо Петковски
Проверил: д-р Стефан Волкановски/ Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Согласен: Зоран Брњарчевски


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

**Влада на Република Северна Македонија**

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 12-04-2022
Орг.Един. / Njësia Org.: 41 | Број / Numër: 3320 | Прилог / Shtojcë: 1 | Вредност / Vlerë:

Скопје, 11 април 2022 година

Архивски број: 08-253/5

# ЗАПИСНИК

## од Петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 11 април 2022 година

На 11 април 2022 година (понеделник), со почеток во 21:15 часот, се одржа Петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше д-р Артан Груби заменик на раководителот на Главниот координативен кризен штаб, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

Во видео - конференциската врска преку употреба на интернет комуникација учествуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ MKC EN ISO 9001:2008 SGS

задолжен за политики на добро владеење,Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и инвестиции, Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Беким Сали, министер за здравство, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност, Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи, д-р Беким Максути, директор на Дирекцијата за заштита и спасување и Славица Кутиров, директор на Царинската управа.

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа и проф.д-р Александар Петличковски, претседател на Комисијата за заразни болести, Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија и Зоран Петров, национален координатор за имплементација на Национална платформа за намалување ризици од несреќи и катастрофи.

На овој состанок на Главниот координативен кризен штаб одржан преку видео – конференциска врска преку употреба на интернет комуникација, не учествуваа раководителот на Главниот координативен кризен штаб, д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Данела Арсовска, градоначалник на Град Скопје и претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

*   *   *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 **се утврди следниот Дневниот ред:**

**Точка 1:**

Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

**Точка 2:**

Прашања и предлози

*   *   *

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, д-р Артан Груби заменик на раководителот на Главниот координативен кризен штаб и прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, поединечно ги потврди сите присутни и отсутни лица.

*   *   *

Согласно доставените материјали, информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следните заклучоци:

**1. Главниот координативен кризен штаб ги усвои записниците од состаноците на Комисијата за заразни болести, одржани на 30 март 2022 година и 6 април 2022 година и заклучи да и препорача на Владата на наредната седница да ги донесе следните заклучоци:**

**1.1. Да се почитуваат препорачаните превентивни мерки за заштита и спречување на COVID-19 инфекција и укажува на поголема претпазливост на граѓаните во пресрет на престојните верски празници (Рамазански пости, Велигден) кога се можни поголеми групирања заради семејни и верски собири.**

**1.2. Учениците во средните училишта да посетуваат настава со физичко присуство без задолжително носење маски, освен ако учениците по сопствена волја не бараат да носат маска.**

**1.3. Да се укине забраната за организирање на екскурзии и настава во природа за основните и средните училишта.**

**1.4. Да се укине мерката за задолжителното носење маски во затворен простор со исклучок за носење во здравствените установи, аптеки, јавен превоз (автобуски, железнички, авио и такси превоз), установите за згрижување на стари лица и лица со попреченост.**

**Иако мерката за задолжително носење маски во затворен простор се укинува, силно се препорачува носење заштитни маски во затворен простор на лицата над 65 годишна возраст, хронични болни и лица кои се имунокомпромитирани.**

1.5. Да се укине мерката за задолжителна изолација на лицата кои се блиски контакти на потврден позитивен COVID-19 случај, а се препорачува блиските контакти на потврден позитивен COVID-19 случај да носат заштитна маска (трослојна хируршка маска или KN95) во затворен простор во период од 7 дена од последниот ден на контакт со потврдениот случај.

Согласно заклучоците под реден број 1.2, 1.3, 1.4 и 1.5 соодветно да се измени Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена и соодветните протоколи кон истата.

2. Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди податоци за бројот на вакцинирани лица против COVID-19 вработени во сите јавни здравствени установи, со цел да се направи увид во вакциналниот опфат на здравствените работници заради носење на соодветни препораки.

3. Во однос на барањето од Министерството за труд и социјална политика за промени во протоколот за работа на детските градинки во услови на COVID-19 пандемијата, се препорачува Министерството за труд и социјална политика да направи измени во протоколот согласно договореното на работниот состанок со претставниците на КЗБ и директорките на детските градинки од Општина Аеродром и да го достави до КЗБ на конечно одобрување.

4. Главниот координативен кризен штаб се информираше со податоците за констатирани прекршоци за не носење лична заштита на лицето во периодот од 07,00 часот на 27, 28, 29, 30, 31 март и 1, 2, 3, 4, 6, 7, 8, 9, 10 април до 07,00 часот на 28, 29, 30, 31 март и 1, 2, 3, 4, 5, 7, 8, 9, 10, 11 април 2022 година, доставени од Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

5. **Главниот координативен кризен штаб се информираше со дневните извештаи доставени од Државниот санитарен и здравствен инспекторат за период 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31 март 2022 година и 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 април 2022 година, со работни табели за периодот од 21 март до 27 март 2022 година, од 28 март до 3 април 2022 година и од 4 април до 10 април 2022 година.**

6. **Главниот координативен кризен штаб се информираше со работните табели за периодот од 21 март до 25 март 2022 година и од 4 април до 8 април 2022 година, доставена од Агенцијата за лекови и медицински средства.**

7. **Главниот координативен кризен штаб се информираше со работните табели за периодот од 21 март до 25 март 2022 година, од 28 март до 1 април 2022 година и од 4 април до 10 април 2022 година, доставени од Агенција за храна и ветеринарство.**

8. **Главниот координативен кризен штаб се информираше со работните табели за периодот од 28 февруари до 5 март 2022 година, од 21 март до 26 март 2022 година, од 28 март до 2 април 2022 година и од 4 април до 10 април 2022 година, доставени од Државен пазарен инспекторат.**

9. **Главниот координативен кризен штаб се информираше со работните табели за периодот од 21 март до 27 март 2022 година, за периодот од 28 март до 3 април 2022 година и за периодот од 4 април до 10 април 2022 година, доставени од Државен инспекторат за труд.**

10. **Главниот координативен кризен штаб се информираше со работните табели за периодот од 21 март до 25 март 2022 година и од 4 април до 10 април 2022 година, доставена од Државен инспекторат за транспорт.**

* * *

Влада на Република Северна Македонија

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

**По однос на точката 2 од Дневниот ред,** немаше прашања, ниту предлози.

* * *

Горенаведените заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

* * *

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На овој состанок е воден записник.

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**dr. Artan Grubi**

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

**Подготвил: Љупчо Петковски**
**Контролирал: Снежана М. Пендовски/Зоран Брњарчевски**
**Одобрил: Tahir Hani**